**Добро друштво**

**(Excerpt in Macedonian)**

Translated by: Darko Spasov
Contact of the translator: polatski@gmail.com

**Декалог**

„А најлошото“, рече додека со една рака несмасно го отвораше омотот од мастиките, „беше тоа што веднаш ѝ напишав дека ќе ја чекам кај таксистите. На железничката *кај таксињата*. А таа двапати ми ѕвони, ‘тука сум’, вели. ‘И јас’, ѝ велам. ‘Сребрен меган.’ ‘Не ве гледам.’ 'И така се бараме.’ ‘Кај таксистите сте?’ ‘Да, овде на влезот.’ ‘Каков влез?’ ‘Милам, кај Мекдоналдс,’ вели. ‘Па нели ви реков пред таксињата.’ Блесаво. Морав да чекам цели пет минути за младата дама да стигне кај таксињата. И слушај што ми кажа тогаш: ‘Ама и кај влезот има таксиња.’ Малку свикав. А, кој не би. ‘Тогаш одете со такси до Копер, ако не ви чини,’ реков. Ја погледна сопатничката, онаа убавата студентка, и преврте со очите. Ми иде да ја исфрлам од автомобилот, но дури тогаш ќе имаме драми. Малку помислив, но потоа дома на мојот стандарден текст за превоз допишав: ВЕ МОЛИМЕ ПРЕД ПАТУВАЊЕТО ПРОВЕРЕТЕ ЈА ЛОКАЦИЈАТА ЗА ТРГНУВАЊЕ.“

Му успеа да извади две гуми за џвакање и ги пикна во уста, а за тоа време со левата рака остана потпрен на воланот. „Или тогаш кога ми дојде еден тип со дредлокси. Таквите веднаш ми се сомнителни. Си видел редно вработен човек со дредлокси? Нема. Си видел тип со дредлокси а да не е забеган? Нема. Е, тој мал раста седна напред и веднаш штом излеговме на автопатот фати да витка цигара. Стави само тутун, тоа го знам затоа што го имав на радар, што се вели. Да извадеше нешто зелено од џебот, се колнам дека ќе го однесев само до најблиската полициска станица. И кога го свитка, малку го погали со прстите, горе-долу, горе-долу, а потоа – точно знаев што ќе се случи – ме праша дали можеме да имаме пауза за цигара. Веднаш го одбив, нека си пуши дома, џукела. Ми го уништи целиот ден. Вечерта, кога малку си дојдов на себе, кон текстот додадов: БЕЗ ПАУЗА ЗА ЦИГАРИ, НЕ ВОЗАМ ДРОГИРАШИ.“

Потоа некое време менуваше станици по радиото. Не застана на ниту еден хит, ќе послуша три-четири секунди и ќе смени. „Срање. Какво е ова срање? Сега кога има јутуб, радијата се само за по продавници. Прва програма, па Вал 202, па радиото со опери –

сето тоа државно срање треба под итно да се укине. Без милост“, рече и го исклучи радиото.

„А најлоша беше онаа пичката во тренирка што ја зедов... Чекај, од каде ја зедов? Изгледа кај Кино Шишка. Чефурка, јасно. Е, значи, ми иде во тренирка. Што не е јасно? Тренирка е за по дома, за усисавање, не можеш да се шеташ со неа. Чефурите ја претворија Љубљана во пазар, најблаго кажано. А, уште полошо, беше на враќање. Од Порторож дојдоа две шмизли. Не изгледаа дека имаат над дваесетина години. Биле на море, на еден ден, рекоа и цело време се кикотеа. Не ми требаше долго да ги намирисам. Буквално. Едната подригна, а другата почна да се кикоти, и ми дојде да запрам. Вентилацијата ја поставив на максимум за малку да им разбудам морален мамурлак, ама ништо. И потоа една, како гром од ведро небо ми вели, Андреј, слушај: 'Ќе ви пречи да се собујам?’ Молчам кратко. ‘Многу ме жуља.’ И повторно прснаа да се смеат. Што да правиш, шмизлата се собу. Прво патиките, а потоа и чорапите. И убаво си ги стави на средното седиште. Такви, мали, бели, памучни чорапчиња. Да поврати човек. Тоа не беше смрдеа од стапала на дваесетгодишна женска, туку на дртав габичен курац. Да цркнеш. Само што ги оставив во Љубљана, отидов до перална за автомобили. Потоа, се разбира, морав да додадам: НЕ ВОЗАМ ПИЈАНИ. НЕ Е ДОЗВОЛЕНО СОБУВАЊЕ ВО АВТОМОБИЛОТ.“

Од кадичката на вратата зеде една стара сметка, фрли поглед во неа и веднаш потоа во неа ја завитка гумата за џвакање. Топчето го спушти во вратата и длабоко воздивна. „Потоа некое време беше мирно. Но точно се сеќавам, беше јули, жешко како под вршник, седнува едно типче, би рекол на мои години. Уреден, точен... Морам да кажам дека ми беше симпатичен, па почнав малку да го прашувам што работи. Рече дека пишува блог *разоткриенасловенија*. И прво нешто објаснуваше дека не треба да веруваме во сè што ни сервираат. Со тоа веднаш се согласив. И кога кажав дека ако јас се прашувам, може уште утре да ја укинат националната телевизија, и таа стара комуњара, наместо да се тови таму, треба да се прати на нива, да копаат компири, како да му дадов крилја. ‘Сте се запрашале ли некогаш колку аутизам имаше кога ние бевме млади?’, почна да пулсира од возбуда. ‘Дали некогаш сте се запрашале зошто лекарите никогаш не ги евидентираат несаканите ефекти од вакцинацијата? Сте се запрашале од кога е кривично дело да се размислува со своја глава?’ Тука морав малку да го прекинам. ‘Бившата работеше во Лек,’ реков, ‘така што имам прилично добар увид во овие работи и вакцинацијата е едно такво, како да кажам, едно такво нужно зло. Немаме подобро решение.’ Потоа продолжи да ми

сере со сè полуди теории и на крајот рече: ‘Инаку, можете да го погледнете интервјуто со Норма Корошец, која има сè многу добро проучено. Имате линк на мојот блог *разоткриенасловенија*.’ ‘Па, од кај ја најдовте баш неа?’ ‘Супер женска е’, ми рече. Потоа, за среќа, стигнавме до Оли бургер и таму се симна. Ме болеше главата. Тоа се такви типови кои со своите невакцинирани деца ги контаминираат нашите градинки, а потоа дркаат дома на Норма Корошец. Ептен побеснев. Веднаш допишав: ЗАБРАНЕТО ЗА АНТИВАКСЕРИ.“

„Ама ти велам Андреј“, продолжи по неколку мигови замисленост, „а најлоши се студентите. Уште не сме излегле на автопат и ќе фатат по тоа ранците да бараат вода за пиење. Како да се каранфили, па ќе овенат. Како дома да немаат да се напијат чаша вода. Не, денешните студенти, само да се пиело. По можност вода од еко-шишиња. Ајде да си купи шишенце вода во трафика, на пример, ама тоа шишињата не можам да ги гледам. Па нема шише под дваесет евра. И после се жалат демек немале пари за превоз. И од нас зависат. Ужас. Ова толку пати ме има налутено што еднаш напишав: ЗАБРАНЕТО КОНСУМИРАЊЕ ХРАНА И ПИЈАЛАК ВО ВОЗИЛОТО (ВКЛУЧИТЕЛНО И ВОДА).“

„Мислев дека тоа е тоа и дека сум спасен“, рече земајќи го ЦД-то од поличката, повторно малку несмасно, затоа што со левата рака цело време се потпираше на воланот, но му успеа да го стави ЦД-то со далматински хитови. „Ама човек нема раат. Еднаш влезе една девојка со сино офарбани врвови на косата, и веднаш гледаш дека девојката не е баш точна. ‘Вас многу сакав да ве запознаам’, ми вели некаде на пола пат. ‘Имате таква смисла за хумор.’ ‘Молам?’ ‘Она што го пишувате. Мислам, за превозот. Критиката на современото општество до даска. Браво.’ Не знаев точно што да мислам, но си реков да не ѝ давам шлагворт за разговор. Ти велам, сина коса – не е точна. До неа седеше еден тип, дечко со сако. Рече дека оди на матурска на брат му. И тогаш на Шмартинка како и секогаш имаше застој и типчето стануваше сè понервозно, кој знае колку се има испотено во таа темносина кошула. Кога конечно ќе излеземе од гужвата, го слушам вели: ‘Може да ме оставите кај Цанкарјев дом, молам? Веќе доцнам и ако треба да чекам и тролејбус...’ Молчев. Што мисли ова дете? Дека сум такси служба? ‘Ќе доплатам колку треба’, вели. Погледна во паричникот. ‘Имам уште дваесет евра во кеш, тоа е сè што можам да дадам.’ Го однесов до центар, не ми се фрлаат дваесет евра. Но, сепак, малиот беше арогантен и ми се качи на глава. Затоа наредниот ден напишав: ВОЗАМ САМО И ИСКЛУЧИВО ДО ДОГОВОРЕНАТА ИЗЛЕЗНА ЛОКАЦИЈА. А попладнето додадов во заграда: (ИСТО И ВО СЛУЧАЈ НА ЗАСТОЈ).“

Со раката пребаруваше во касетката пред совозачкото седиште и опасно се навалуваше надесно. Конечно, ги напипа очилата за сонце и си ги стави. „Така ти е тоа Андреј“, воздивна. „Има секакви чудаци кои шетаат низ светот. А ги има сѐ повеќе, е тоа е најтрагично. Последниот пат некој Мирко ми пиша за превоз, ме замоли да го земам на автобуската постојка кај Метелкова. Веќе самото тоа ми беше сомнително. Метелкова ја избегнувам во голем лак. Потоа рече дека е на патерици и дека ќе му биде тешко да се стигне до станицата. Беше веднаш по зимскиот распуст, па веднаш знаев колку е часот. Прво се просерааат на скијање во Швајцарија, а потоа цимолат кога ќе се искршат. Познавам такви. А одговорност никогаш никаде. Реков дека веќе сум полн, иако веројатно сфати дека измислувам. Навистина не ми е гајле. Напишав: ЗЕМАМ САМО И САМО НА ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА (БЕЗ ИСКЛУЧОЦИ). Човек мора прецизно да дефинира што и како. Ако не направиш ред на почетокот...“

ВАЦАП

Веќе сум во кола, до мене седи еден буцко, возачот не е лош

Нина: Уууу, па навали.

Не ми се прави ништо.

Нина: Убаво седна?

Да дијагонално одзади. Да имам поглед хахаха

ФЕЈСБУК

Она кога ќе возиш две женски и еден тип и до Луковица никој не отвора уста

ТВИТЕР

Тој застрашувачки момент кога ќе сфатите дека аботната

музиката во автомобилот на твојот превозник не е радио, туку ЦД.

#prevozi #shyamalan

ИНСТАГРАМ

(слика од тесни фармерки и бели патики) #newoutfit

#fashion #instafashion #ontheroadagain

ФЕЈСБУК

*Лицето Бојан Крајнц ја коментираше твојата објава:*

*Женски? Ќе фрлиш некоја наваму во Малечник?*

Едната е топ, другата е како сунка.

*Лицето Бојан Крајнц ја коментираше твојата објава: Па*

*таа таман за Коки* ☺

Оваа и Коки ќе го згмечи.

*Лицето Бојан Крајнц ја коментираше твојата објава: ѝ фрли јадица на добрата, мајсторе?*

Нема време за чекање.

*Лицето Бојан Крајнц ја коментираше твојата објава: ако е сама, мавај директ. Не губи време.*

ВАЦАП

Нина: има нешто ново со јакиот?

Воз и дреме на фејс.

Нина: Ууу мултитаск, таквите се најдобри. На чат сте?

Ме мрзи

ТВИТЕР

Сега шоферот ја попушти музиката малку погласно, потешко слушам. Сега призна дека нема дечко, најава за нов напад. #prevozi

ИНСТАГРАМ

(слика магливи шуми пред тунели) #forest

#lovenature #outdoor #igslovenia #homeland

#wilderness #nofilterneeded

ФЕЈСБУК

*Лицето Анже Новак ја коментираше твојата објава: Донеси ја таа, јаката. Ние почнавме со скарата.*

Таа кажа дека е сингл

*Лицето Бојан Крајнц ја коментираше твојата објава:*

*Прашај колку ќебапи сака*

*Лицето Анже Новак ја коментираше твојата објава:*

*Еден сигурно ќе добие.*

*Лицето Бојан Крајнц го лајкна коментарот на лицето Анже Новак.*

ИНСТАГРАМ

*beauty_me коментираше: каде одиш срцко?*

Кај мојот <3

*beauty_me коментираше: оууу*

ТВИТЕР

Тој мрмори типичен мариборски и кога ќе му текне испушта де самогласки, де согласки, а неговите реченици немаат ниту лица, ниту кохерентност. А таа е стереотипна шмизла,

разгалена љубљанчанка која половина не разбира, а половина не сака да разбере. Сладок пар. Им давам шанса до Тројане. #prevozi

ВАЦАП

Нина: ииии?

Па што си толку досадна? Немаш друга работа?

Нина: Имам Нетфликс за работа ☺ти побара број?

Не, цело време е на фејс.

Нина: А другиот?

Он е ептен учениче, брада, наочари и цело време чита